Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 100, 15 април 2013 година

април 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звањето асистент за научната област деловно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип............................ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........................................................................................................16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........................................................................................................25

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................35

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област неврологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................38

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................40

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник-помлад асистент од научното подрачје технички науки (електронска микроанализа) на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..................................................42

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звањето доцент за наставно-научната област процесирање на податоци и информациски системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.............................45

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област применета математика и математичко моделирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ......................................................................................54

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика – скрипта“ од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 59

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методологија на педагошко истражување со статистика“ - практикум од авторката д-р Снежана Јованова-Митковска, доцент на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 64

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, општ дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Фармакологија за стоматолози, специјален дел“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и проф. д-р Срѓан Пешиќ, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 70

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по интелигентни системи’’ од авторите вон. проф. д-р Цвета Мартиновска и пом. асс. м-р Доне Стојанов, Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Претприемништво“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 74

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот„Практикум по органска хемија за технолози“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов, Технолошко-технички факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Инвестициско банкарство“ (скрипта) од авторот д-р Љупчо Давчев, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 79

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по информатика“ од авторите д-р Зоран Здравев, м-р Ѓорѓи Димов, м-р Силвана Жежова и м-р Владан Андоновиќ ..... 83

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 85

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1702-50/16 од 14.2.2013 година, донесена на 45. седница на Наставно-научен совет на Економскиот факултет, одржана на 13.2.2013 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање ***асистент*** *за научната област меѓународна економија* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во состав:

– проф. д-р Ристо Фотов (претседател);
– доц. д-р Јанка Димитрова;
– доц. д-р Весна Горгиева-Свртинов.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 25.12.2012 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката м-р Емилија Митева-Кацарски.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за избор на еден соработник, објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм» на 25.12.2012 година, за научната област меѓународна економија се пријави кандидатката м-р Емилија Митева-Кацарски која ги достави потребните документи според Конкурсот и тоа:

– диплома за стекнат научен степен магистер на економски науки од областа меѓународна економија (четири копии заверени кај нотар);
– одлука за усвојување на Извештајот на Комисијата за утврдување на подобност на кандидат и тема за изработка на докторска дисертација;
– кратка биографија (четири примероци);
– потврда за странски јазик (еден примерок);
– список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
– уверение за државјанство.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види даде следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Емилија Митева-Кацарски** е родена на 8 септември 1982 година во Струмица, каде што завршува основно и средно образование.

Во учебната 2001/2002 година се запишува на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“, каде што дипломира со просечен успех од 9,30 во 2005 год. и се здобива со звањето дипломиран економист***, област меѓународна економија***.

По завршувањето на студиите во учебната 2006/2007 година се запишува на постдипломските студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје на насоката Меѓународна економија, кои ги завршува со просечен упех од 9,85 и се здобива со научен степен магистер на економски науки од областа на меѓународната економија**.**

Од јуни 2011 година, кандидатката е запишана на докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Економскиот институт - Скопје, со пријавена и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов ***„Влијанието на нецаринскиот протекционизам врз глобалните трговски текови".***

Од јули 2007 година работи како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, каде што покрива предмети како:

- Меѓународна економија,
- Финансиско сметководство,
- Основи на економија,
- Макроекономија,
- Меѓународен монетарен и трговски систем,
- Меѓународни сметководствени стандарди,
- Надворешна трговија.

Од јуни 2010 година е избрана во асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, каде што покрива предмети како:

- Меѓународна економија,
- Финансиско сметководство,
- Надворешна трговија,
- Биланс на плаќање,
- Стратегии на меѓународни економски односи,
- Монетарна економија,
- Девизен систем и девизно работење,
- Надворешно трговско работење,
- Девизна политика.

Покрај активното користење на англискиот јазик, кандидатката има одлично познавање и од работа со компјутери: MS Office (Excel, Word, Outlook, Windows, Power Point) и Internet.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Емилија Митева-Кацарски достави список на ***објавени научни и стручни трудови*** со кои се согледува научната активност, а поважни се следниве:

1. ***„Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација" - одбранет магистерски труд, Економски институт - Скопје, Универзитет*** „Свети Кирил и Методиј", ноември 2009.
2. ***„Меѓународната трговија како импулс за економски раст»*** - Ристо Фотов, Емилија Митева, Зборник 2010, Економски факултет – Прилеп.
3. ***„Финансиската анализа како методолошки инструмент за оценка на финансиската стабилност и успешност на компаниите"*** - м-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, м-р Емилија Митева, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2010.
4. ***„Маркетинг истражување преку интернет"*** - м-р Емилија Митева, м-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 2010.
5. ***„The causes and consequences of global crisis»*** - PhD Risto Fotov, Ms.C Emilija Miteva, University of Economics – Varna, 2010 pp. 126-134.
6. ***„Нестабилноста во еврозоната и можните закани за нејзин колапс" – доц.*** д-р Крсте Шајноски, м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, Европски универзитет, 2012.
7. ***„Benefits of trade facilitation as a simpler procedure for world trade growth»*** - Emilija G. Miteva-Kacarski *M.Sc*. Olivera B.Gorgieva_Trajkovska assoc. prof. PhD, Академично издателство „Ценов", 2011, 188-193.
8. ***„Implementation of international financial reporting standards (IFRS) and their impact on economic growth"*** - Olivera Gorgieva-Trajkovska, assoc.prof.PhD, Emilija Miteva-Kacarski, M.Sc., Академично издателство „Ценов", 2011, 53-60.
9. ***„Global imbalances and the dollar"*** Krste Shajnoski assoc. prof. PhD, Margarita Matlievska assoc. prof. PhD, Stevan Gaber assoc. prof. PhD, Emilija Miteva Kacarski M.Sc., Elena Nikolova, Академично издателство „Ценов", 2011, 169-175.

10. ***„Анализа на ефектите на увозните квоти”*** - м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Влатко Пачешкоски, Годишен зборник 2011, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 231-238.
11. ***„Процесот на економска глобализација во светската економија низ призмата на виртуализацијата и транснационализацијата»*** - М-р Влатко Пачешкоски, м-р Емилија Митева-Кацарски, Годишен зборник 2011, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 219-229.
12. ***„CEFTA 2006, Effects, challenges and opportunities, University of Economics”*** -M.Sc. Emilija Miteva-Kacarski, University of Economics – Varna, 2012.
13. ***„Влијанието на медиумите врз интересот за тргување со хартии од вредност”*** - доц. д-р Крсте Шајноски, м-р Емилија Митева-Кацарски, Европски универзитет, 2012.
14. „***Европска централна банка”*** - помлад асистент м-р Емилија Митева, Годишен зборник 2010, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 133-142.
15. „***Трговските текови во глобализираниот свет”*** - помлад асистент м-р Емилија Митева, Годишен зборник 2010, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 143-152.
16. „***Улогата на Светската банка во светската економија”*** - помлад асистент Емилија Митева, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 309-320.
17. ***„Технолошки развој на малите и средните претпријатија во РМ преку програми за соработка со странски партнери”*** - помлад асистент Емилија Митева, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип, 288-297.
18. “***Economic freedom as a development resource”*** - assoc. Prof. Risto Fotov, junior ass. Emilija Miteva, Академично издателство „Ценов”, 2008, 141-147.

**Евалуација на трудот број 1:**

***„Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација” - магистерски труд***

Предмет на истражување во магистерскиот труд, како што може да се забележи од насловот, е трговијата и нејзината поврзаност со процесот на економска глобализација.

Како што нагласува и авторот, глобализацијата како мултидимензионален и комплексен феномен сублимира интензивни политички, социјални и економски интеракции, како на национално така и над национално ниво. Меѓународната трговија е интегрален дел од процесот на глобализација. Размената на добра и услуги е основната причина поради која економски субјекти воспоставуваат економски односи едни со други и стануваат дел од локална или национална економска заедница. Како што размената ги преминува државните граници, националните економски системи стануваат дел од регионална, континентална или светска економија. Низ многу години, владите од повеќе земји засилено ги отвораат нивните граници за меѓународно тргување преку мултилатералниот трговски систем, како и преку зголемената регионална соработка.

Целта која авторот ја поставил во својот магистерски труд е согледување на улогата на трговијата во денешниот свет кој се карактеризира со зголемена поврзаност и економска зависност меѓу народите, како и анализа на импликациите на трговијата во глобализираниот свет и нејзините перспективи за развој. Економската зависност помеѓу државите и реално невозможната автархичност на која било економија (без разлика на големината и половата структура на нејзиното стопанство) го прават меѓународниот трговски систем стожер на светскиот стопански систем.

Научната оправданост и актуелноста на темата се базира на согледување на перспективите за развој на трговијата во глобализираниот свет правејќи една историска ретроспектива на трговските текови уште од првата ера на глобализација па сè до денес, како и утврдување на тоа дали традиционалните аргументи кои ја поддржуваат слободната трговија се уште валидни во денешно време. Она што заслужува посебно внимание претставува давањето одговор на прашањето дали трговската отвореност предизвикува економски раст, како и утврдување на тоа како најосетливите групи во општеството се погодени од трговската либерализација.

Анализата на каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација започнува со презентирање на теоретските консидерации на меѓународната трговија. Во овој дел се разработени причините кои доведуваат до појава на меѓународната трговија, функциите на меѓународната трговија, носителите на меѓународната трговска размена, како и теориите на меѓународната трговија кои настојуваат да дадат објаснување зошто одделните нации тргуваат меѓу себе односно што е она што го определува обемот, структурата и правците на нивната меѓусебна размена, а посебно внимание е посветено на либералниот и протекционистичкиот пристап кон меѓународната трговија.

Истражувањето во трудот авторот го продолжува со изнесување на основните каратеристики и суштината на економската глобализација како процес кој резултира со создавање на еден единствен и интегриран светски пазар, односно процес кој резултира со ерозија на националниот суверенитет во економската сфера.

Во продолжение на трудот е презентиран преглед на трговските текови, почнувајќи уште од првата ера на глобализација па сè до денес. Притоа посебно внимание е посветено на движењето на трговските текови пред 1913 година, опфатен е периодот меѓу двете светски војни односно периодот на Големата депресија, а исто така се прикажани трговските текови по завршувањето на Втората светска војна, односно периодот 1950-1973 год. како „златен" период за трговијата и економскиот раст и периодот 1973-1990 год. како период на економски проблеми и ограничен раст на трговијата. Понатаму се анализирани и трговските текови до денес, а на крајот од оваа глава е направен осврт на актуелните состојби во светската трговија денес, вклучително и колапсот на светската трговија како последица на глобалната финансиска криза.

Истражувањето во трудот авторот го продолжува со разгледување на врската меѓу трговската отвореност и економскиот раст како и импликациите што ги има трговијата врз економската нееднаквост и сиромаштијата во светското стопанство, при што нагласува дека трговската отвореност е клучен двигател на растот од причина што земјите кои што се успешни во размената на добра и во привлекувањето на странски директни инвестиции остваруваат економски раст многу побрзо отколку земјите кои не успеваат да се интегрираат во глобалната економија. Од особено големо значење овде е и согледувањето на авторот за улогата на трговијата во борбата со сиромаштијата во светското стопанство.

Последната глава од трудот авторот Емилија Митева-Кацарски ја посветува на перспективите за равој на трговијата во глобализираниот свет, која се однесува на предизвиците поврзани со Доха Развојната Агенда. Овде авторот прави анализа што може да се направи во насока на подобрување на меѓународната соработка, со нагласување дека успешното завршување на Рундата на преговори во Доха ќе биде сигнал за обврската на владите да го хармонизираат и зајакнат трговскиот систем се со цел создавање на посигурно трговско опкружување и поздрава светска економија.

Натамошните трговски проблеми со кои се соочуваат земјите при зголемено ниво на економско интегрирање, како што нагласува авторот, се однесуваат на социјалните и последиците во врска со дистрибуцијата на доходот кај земјите кои се поотворени за тргување, како и на технолошкиот јаз меѓу богатите и сиромашните земји. Предизвиците се однесуваат пак, на преземање на акција од страна на меѓународните организации, посебно Светската трговска организација, при што земјите можат преку едноставно имплементирање на договорите во рамките на СТО да го зголемат пристапот на меѓународните пазари, а исто така и да ги искористат можностите што се нудат преку тековната Рунда во Доха и да ги променат нивните економски политики.

**Евалуација на трудот број 2:**
***„Меѓународната трговија како импулс за економски раст"***

Меѓународната трговија меѓу различни земји не е нов концепт. Историјата укажува на случаи на меѓународна размена кои датираат уште од далечното минато. Придобивките од меѓународната трговија се еден од основните двигатели на економскиот раст, посебно во втората половина на 20 век. Земјите со развиена меѓународна трговија се многу просперитетни и имаат моќ да ја контролираат светската економија.

Токму предмет на истражување во овој труд се начините преку кои меѓународната трговија и инвестиции можат да придонесат за зголемен економски раст и тоа: либерализираната трговија и подобрената економска благосостојба како резултат на редуцираните трговски бариери, искористувањето на компаративните предности и зголемувањето на вкупната факторска продуктивност.

Слободната трговија како резултат на намалувањето на царините, регулативите и ограничувањата и овозможува на економиите подобра алокација на ресурсите, но тоа само по себе не подразбира и повисока стапка на економски раст. Ефектите од слободната размена се манифестираат првенствено врз нивото на аутпутот отколку директно врз долгорочната стапка на економски раст. Но, и покрај фактот што меѓународната трговија е движечка сила на светската економија, авторите доаѓаат до констатацијата дека истата претставува и еден од главните механизми за ширење на негативните импликации во услови на глобална економска криза.

**Евалуација на трудот број 3:**

***„Финансиската анализа како методолошки инструмент за оценка на финансиската стабилност и успешност на компаниите“***

Основна цел на истражување во овој труд е *финансиската анализа,* која според авторите претставува селекција, евалуација и интерпретација на финансиски податоци и други релевантни информации, кои овозможуваат проценка на оперативните перформанси и финансиската состојба на компанијата или индустријата. Оперативното работење на компанијата е мерка за тоа колку добро таа ги користи своите средства, како материјални, така и нематеријални, во создавање принос на инвестиционите вложувања. Финансиската состојба на компанијата е мерило за нејзината способност да ги извршува обврските и да ги плаќа каматите во предвидените временски рокови.

Авторите нагласуваат дека достапноста и довербата во прибраните информации за работењето на компаниите олеснува само еден аспект на финансиската анализа. Она што преостанува како предизвик е, секако, анализа на овие информации и искористување на добиените резултати на ефективен и корисен начин.

Клучен извор на информации во анализата на заработувачката на компаниите, како и на нивната економска состојба, се неколкуте финансиски извештаи кои компаниите ги составуваат и публикуваат: билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за готовински текови, извештајот за акумулирана добивка.

Анализата на финансиските извештаи се изведува со примена на неколку различни методи. Во трудот авторите се осврнуваат на методот на хоризонтална анализа, вертикална анализа, анализата на трендот и финансиската рацио анализа.

Посебно внимание во трудот е посветено на обработка на финансиските показатели, со кои се расветлуваат неколку различни аспекти од оперативното работење и финансиската состојба на компанијата, и тоа: анализа на приносот или враќањето на инвестициите, анализа на активноста (користење на средствата) на компанијата, анализа на профитабилноста во извршување на активностите, анализа на ликвидноста, на задолженоста (финансискиот левериџ), анализа на инвестирањето во акции на компанијата и анализа на додадената економска вредност.

На крајот од трудот авторите ја нагласува потребата од претпазливост и внимателност во користењето и интерпретацијата на финансиските показатели и земање предид на ограничувачките фактори на овој вид финансиска анализа: лимитираноста на сметководствените податоци кои се користат во конструкцијата на финансиските показатели; селекцијата на соодветни компании кои служат како стандарди (banchmarks) за споредување; интерпретација на показателите и опасностите при предвидување на идните оперативни перформанси и финансиска состојба на компанијата, базирани на минатите трендови.

**Евалуација на трудот број 4:**
***„Маркетинг истражување преку интернет“***

Со појавата на интернетот како комуникациски медиум се промени медиумската слика на светот. Авторите на трудот наведуваат податок дека за само десетина години интернетот го помина патот од академска компјутерска мрежа за размена на информации до глобален комуникациски медиум, кој денес го користат преку 600 милиони луѓе ширум светот. Овој медиум (освен како неизбежна комуникациска и информатичка алатка) за многу кратко време се наметнува како нов огласен медиум потполно рамноправен со традиционалните медиуми, како радиото, билбордите или печатените медиуми.

Бидејќи интернетот во последно време станува сè поинтересен медиум за огласување, нагласуваат авторите, сите оние кои планираат рекламирање на интернет треба јасно да ја дефинираат нивната интернет маркетинг стратегија, сè со цел интернет кампањата да биде успешна. Притоа, посебно внимание треба да се посвети на развивање на неколку карактеристични системи и техники на рекламирање, како што се *оптимизација на пребарувањето* и системот *плати по клик* кои се дел од пребарувачкиот маркетинг. Информациите добиени од остварените резултати по пат на оптимизација на пребарувањето можат да се искористат за да се направи проценка на профитабилноста на бизнисот и со тоа да се донесе соодветна одлука за инвестирање и во платено рекламирање по пат на PPC (pay per click).

Истражувањето во трудот продолжува со развивањето маркетинг план и тактика за одреден вебсајт преку неколку битни одлуки, формулирање на цели и имплементирање низ неколку значајни чекори. Како што забрзано расте бројот на интернет корисниците, така се отвораат и нови можности за интернет огласувањето, кое се прелева низ повеќе сектори: телекомуникации, автомобилизам, козметика, храна и пијалаци итн. Тоа ни малку не е необично - растот на корисниците на интернет го прави истиот во очите на повеќето медиумски професионалци, медиум со сосема доволен досег. А кога ќе се земе предвид и просекот на популацијата која го користи овој медиум - која е млада, високо образована и со добар стандард, работите стануваат поинтересни.

**Евалуација на трудот број 5:**
“***The causes and consequences of global crisis***“

Процесот на забрзување на економскиот циклус, во услови на глобална економска криза во глобални рамки се одвива многу бавно. Несомнено, оваа криза силно ги погоди економски развиените земји, и со мали исклучоци, поблаго ги погоди економиите во подем (растечките економии), во прв ред поради нивните поплитки и помалку диверзифицирани финансиски системи.

Во тој контекст, предмет на истражување во овој труд се негативните ефекти од кризата во различни сфери. Во сферата на финансиите дојде до кумулирање на огромни загуби, врз разни основи кај банките, до пропаѓање на големи банки, до запирање на кредитирањето и практично до целосна дестабилизација на финансиските системи на високоразвиените земји.

Најголемите светски извозници (САД, Германија, Јапонија) доживееја значителна контракција на извозот, што упатува и на затвореност на нивните пазари за производи од земјите во подем. Економската глобализација, развојот, диверзификацијата, комплексноста на меѓународниот финансиски систем и брзото пренесување на кризата од земја во земја, ги принуди лидерите на економски најразвиените земји во светот, како и оние на растечките економии, да преземат заедничка координирана акција за спасување на глобалната економија.

Врз основа на презентираните анализи, авторите доаѓаат до заклучно согледување дека неодамнешното искуство на распространетост на финансиската криза и зафаќање на целокупната светска економија, треба да биде доволна причина да се преиспита улогата на државната интервенција и нејзиното влијание врз пазарот како на национално така и на меѓународно ниво. Една од причините за сегашната состојба во светската економија е краткорочноста во системот на глобално економско управување, а особено недостигот на кохерентност помеѓу меѓународниот трговски систем кој е управуван со меѓународно дефинирани правила и регулативи и меѓународниот монетарен систем, кој не е.

**Евалуација на трудот број 6:**
***„Нестабилноста во еврозоната и можните закани за нејзин колапс»***

Во овој труд, авторите разработуваат и анализираат една многу важна и актуелна тематика, како што е нестабилноста во еврозоната и можните закани за нејзин колапс.

За разлика од глобалната финансиска криза во 2008-2009 година, која беше предизвикана од несолветноста на американските финансиски институции, корените на сегашната еврокриза се резултат на неможноста на некои европски влади да управуваат со своите долгови.

Во трудот, авторите укажуваат на должничката криза која брзо се шири низ еврозоната и се заканува на земји како Грција, Италија, Шпанија, Португалија, со ризик за можен домино ефект во еврозоната па и пошироко.

Согласно со ставот на авторите, земјите во развој не треба да седат и да чекаат надлежните институции на ЕУ да ја решат кризата, туку треба да превземат чекори сами да го ограничат ширењето на кризата и да ги поттикнат алтернативните двигатели на растот.

На крајот, авторите константираат дека пронаоѓањето на долгорочно решение треба да биде главна стратегија во справувањето со должничка криза. Од друга страна, развиените земји би требало да демонстрираат лидерство и координација во борбата против Европската должничка криза, како прашање на итност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на соработник-асистент за научната област **меѓународна економија** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се пријави кандидатката м-р Емилија Митева-Кацарски.

Кандидатката ја има поднесено комплетната документација што се бараше во Конкурсот и ги исполнува условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент (има завршено магистерски студии, го има потребниот просечен успех од студирањето, како и потребните трудови), со што ги исполнува условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент според Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања и Законот за високото образование („Сл.весник на РМ" 25/2008).

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Емилија Митева-Кацарски покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на меѓународна економија. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатката се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто кандидатката конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Емилија Митева-Кацарски ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факулет да му предложи **кандидатката м-р Емилија Митева-Кацарски да ја избере во звањето асистент за научната област меѓународна економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор – претседател, с.р.**
**Доц. д-р Јанка Димитрова, доцент - член, с.р.**
**Доц. д-р Весна Горгиева Свртинов, доцент - член, с.р.**

**Табела**
**за вреднување на активностите на Емилија Митева-Кацарски, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 66 | Број на часови по 0.5 поени за секоја учебна година | 33 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Магистерски труд | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>“The causes and consequences of global crisis” **(во странство - 2 поени)**<br>“Global imbalances and the dollar” **(во странство - 2 поени)**<br>“Benefits of trade facilitation as a simpler procedure for world trade growth” **(во странство - 2 поени)**<br>“Implementation of international financial reporting standards (IFRS) and their impact on economic growth“ **(во странство - 2 поени)**<br>“CEFTA 2006, Effects, challenges and opportunities“**(во странство - 2 поени)**<br>„Меѓународната трговија како импулс за економски раст» **(во земјата - 1 поен)**<br>„Финансиската анализа како методолошки инструмент за оценка на финансиската стабилност и успешност на компаниите“ **(во земјата - 1 поен)**<br>„Маркетинг истражување преку интернет“**(во земјата - 1 поен)**<br>„Нестабилноста во еврозоната и можните закани за нејзин колапс“ **(во земјата - 1 поен)**<br>„Анализа на ефектите на увозните квоти“**(во земјата - 1 поен)**<br>„Процесот на економска глобализација во светската економија низ призмата на виртуализацијата и транснационализацијата“ **(во земјата - 1 поен)**<br>„Влијанието на медиумите врз интересот за тргување со хартии од вредност“ **(во земјата - 1 поен)** | 5<br><br>7 | во странство 2<br><br>во земјата 1 | 10<br><br>7 |
| Учество на научен собир<br>- Учество на шестата годишна меѓународна конференција за европска интеграција ”Constructing Europe as a global power: From market to identity?” **(сертификат за учество)** | 1 | 2 | 2 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Учесник во научен проект<br>„Проценка на недвижниот имот“ – Програма за развој на Обединетите нации – учесник **(договор за учество)** | 1 | 5 | 5 |
| Член на факултетски орган, комисија<br>Член на уписна комисија | 3 | 2 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Техничко унапредување<br>Linking Higher Education and Economy-Various Forms of Cooperation between Universities and Business: Best Practices, Experiences and Cases from Macedonia and Austria, 2010.<br>Учество на работилница на тема: Активно учење во големи студентски групи-невозможност или предизвик?<br>Учество на семинар на тема „Предавање и студирање од далечина со помош на видеоконференциски системи" во организација на Виста Груп, Поликом, 2011.<br>Успешно завршена обука со добиен сертификат на тема: Интегрирање на ИТ алатки во образовниот процес (Integrating IT tools in teaching process) во организација на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип и Центар за е-учење. | 4 | 2 | 8 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **75** | | |